НАЧАЛНИК НА СЕКТОР
Јане Стојанов

Подготвил: Оливер Табаковски
Согласен: Дејан Костадинов

Изработено во: 1 (еден) примерок
и 1 (една) копија и доставено до:
- Примател - примерок 1
- Архива на сектор – копија

Друштво за инженеринг и консалтинг
ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје

Примено: 25.03.2020			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр./No 2001- 1630/2
20___год./vit
Скопје-Shkup

До
ДИК Чакар- партнерс
Народен фронт бр. 5-4/9
1000 Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашето барање бр.0801-104 од 09.03.2021, со број на постапка од Е-Урбанизам бр.34 440 со кое се бара мислење за изработка на Урбанистички проект за инффраструктура основен проект за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци-Штип КО Миладиновци вон град,Општина Илинден, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената геодетска подлога, констатиравме дека на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје.

Помошник Директор за пруги

Владимир Трајковски

Изработил: Д. Илиева Стојановска дги

Согласен: М. Тилиќ дги

Друштво за инженеринг и консалтинг
ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје
01.04.2021

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-1584 /2

Дата/Data: 22. 03. 2021 год./viti

ДО/DERI TE: **Друштво за инженеринг и консалтинг ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО**

Скопје

ул. Народен Фронт бр.5-4/9

1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LENDA: **Известување**

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-1584 од 12.03.2021 доставено од страна Друштво за инженеринг и консалтинг ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје, кое се однесува на барање на податоци и информации и мислења за отпочена постапка за изработка на проектна документација Урбанистички проект за инфраструктура за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновце, на Автопат Миладиновси-Штип, КО Миладинвци вон-град, Општина Илинден, Република Северна Македонија.

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат, извршена е идентификација на предметниот опфат и констатирано е дека истиот се наоѓа надвор од граници на заштитени подрачја утврдени со закон.

Друштво за инженеринг и консалтинг
ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје

Примено: 25.03.2021			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:

Со почит,

Me respekt

в.д.Директор на Управата за животна средина
u.d.Drejtor i Drejtoris për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi:м-р Исуф Фетаи
Контролирал/Kontrolloi: м-р Сашко Јорданов
Одобрил/Aprovoi: М-р Влатко Трпески

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIJA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх. бр/Nr. Arh.11-1585 /2
Дата/Data: 07-04-2021

ДО/DERI TE: ДИК Чакар-Партнерс
Народен Фронт бр. 5-4/9
Скопје

ПРЕДМЕТ /LËNDA: Известување

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање бр.0801-104/3 од 09.03.2021 година, за доставување на податоци и информации кои може да имаат влијание во постапката на изработка на Проектна документација, Урбанистички проект за инфраструктура за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопатот Миладиновции - Штип, КО Миладиновци вон -град, Општина Илинден, по увидот во доставената документација, Ажурирана геодетска подлога со нанесен опфат и Прегледна карта, Ве известуваме дека Управата за животна средина – Сектор за води при Министерството за животна средина и просторно планирање на површината која е предмет на планскиот опфат нема идентификувано водотеци, водостопански објекти и заштитни зони за водни тела, за кои треба да се предвидат мерки од аспект на заштита на водите.

Со почит,
Me respekt,

в.д.Директор на Управа за животна средина
u.d.Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Mahi Seadini
Контролирал/Kontrolloi: Ismet Jakupi
Одобрил/Aprovoi: Ylber Mirta

Република Северна Македонија • Министерство за животна средина и просторно планирање • Скопје • Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor • Shkup • Republika e Maqedonisë së Veriut

Друштво за инженеринг и консалтинг
ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје
Примено: 09.04.2021
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Бр/Nr. 10-2588/2

Скопје/Shkup 16-03-2021 година/viti

ДО ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО
ул. Народен фронт бр.5-IV/9
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0801-104 од 09.03.2021 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-град, општина Илинден, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-2588/1 од 10.03.2021 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и
- Прегледна траса.

Од достевените и разгледани прилози, констатирано е дека низ приложениот проектен опфати освен трасата на магистралниот пат (автопат) А2 (М-4) за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса, Јавното претпријатие за државни патишта нема други инсталации и објекти.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал: З.Велков
Одобрил: d-r E.Latifi

Јавно Комунално Претпријатие "ВОДОВОД" н.Илинден

ул."9" бб, н.Илинден
жиро с-ка: 300000002856783
Комерцијална банка АД Скопје
ЕДБ: 4030008037559

До:
ДИК Чакар - Партнерс

Адреса:

Улица "Народен фронт" бр.5-4/9

1000 Скопје

Предмет: Достава на податоци, информации и мислења

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање од 15.03.2021 година, со арх. бр. 08-3/15, за доставување на податоци и информации за наведениот плански опфат за потребите на постапката за изработување и одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци на Автопат Миладиновци – Штип, КО Миладиновци вон - градежен, Општина Илинден Ве известуваме дека во непосредна близина на предметниот опфат **постојат водоводни мрежи** кои се снабдуваат со вода од системот за водоснабдување со кој стопанисува ЈКП "Водовод" н. Илинден.

Напомена: При изведување на трасата задолжително е да повикате одговорно лице од ЈКП "ВОДОВОД" н.Илинден заради утврдување на состојбата на терен.

Доколку при изведувањето на градежни работи дојде до оштетување на водоводната инсталација, трошоците за поправка на штетата и застојот на испораката на вода до корисниците ќе ја сноси причинителот на штетата.

Во прилог Ви испраќам скица со вцртани постоечки водоводни линии.

Одобрил:
Раководител на стручен сектор
Драган Дејановски, дипл.маш.инж

ДИРЕКТОР
ЈКП "ВОДОВОД" н.Илинден
м-р Марјан Милошевски, дипл.маш.инж.

Ко:
- Архива
- Директор

тел.:+389 (0) 2 2572 671, +389 (0) 2 2573 077, факс: +389 (0) 2 2550 578;
www.jkpvodovodilinden.com.mk, e-mail: vodovodilinden@jkpvodovodilinden.com.mk

Водоводна линија за патарина

Write a description for your map.



АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0801-44 од 23.02.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 41230*)*

бр. 12-8/157

Скопје, 23.02.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект за инфраструктура за проширување на наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци в.г. Општина Илинден

при што утврдија дека предметниот опфат / објект се наоѓа **во зона** на Меѓународен аеродром Скопје, на 2.718м Североисточно од референтната точка на аеродромот, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно **член** 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се вметнат / запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 299мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над дозволената, некоја од претходно наведените содржини или изградба/поставување на

- Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м.

потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да доставите проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на **согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај**, согласно член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство *("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*, а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Dushan Popchevaliev
Digitally signed by Dushan Popchevaliev
Date: 2022.02.23 15:22:23 +01'00'

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-86/1 од 25.01.2022 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

❖ **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Предметниот проектен опфат за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден,** опфаќа парцели од КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден Скопје, и се наоѓа во близина на селото Миладиновци, односно наплатна станица Миладиновци од Коридор 8.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува **56 469.47 m²**, и ги опфаќа КП 25/14, дел од КП 25/2, дел од КП 1211, дел од КП 25/16, дел од КП 1208/1 и дел од КП 25/4 од КО Миладиновци вон-град, додека административно припаѓа на Општина Илинден.

КО Миладиновци вгр		
КП		м²
1208	1	**2790.41**
1211	0	**23374.2**
25	14	**25.02**
25	16	**16254.43**
25	2	**13871.63**
25	4	**153.78**

Проектниот опфат е дефиниран со геодетски координати по Х, У оски.

точки на координати по X и Y оски од проектниот опфат							
X	Y	X	Y	X	Y	X	Y
7553737.27	4649005.20	7553649.35	4649113.59	7553472.44	4649046.28	7553473.58	4648914.68
7553751.52	4649007.98	7553645.98	4649112.73	7553469.28	4649044.41	7553485.37	4648916.85
7553766.88	4649010.73	7553642.62	4649111.78	7553460.23	4649038.88	7553499.93	4648918.76
7553784.98	4649013.91	7553639.75	4649110.88	7553457.90	4649037.18	7553520.11	4648921.06
7553783.10	4649025.03	7553628.66	4649107.42	7553456.42	4649036.71	7553536.06	4648923.30
7553782.78	4649024.83	7553611.77	4649101.51	7553437.03	4649030.87	7553555.38	4648925.74
7553758.52	4649134.41	7553602.19	4649099.05	7553424.87	4649026.88	7553560.86	4648926.35
7553753.29	4649133.41	7553589.01	4649095.66	7553412.54	4649022.44	7553574.39	4648923.67
7553740.29	4649131.50	7553572.68	4649089.66	7553401.28	4649018.08	7553606.01	4648923.45
7553721.60	4649126.37	7553555.61	4649083.38	7553390.18	4649014.08	7553628.62	4648933.48
7553702.79	4649120.66	7553545.13	4649077.75	7553374.42	4649008.07	7553644.32	4648940.42
7553698.28	4649118.61	7553539.16	4649074.54	7553364.78	4649004.29	7553667.34	4648952.48
7553697.55	4649118.66	7553528.46	4649070.28	7553404.71	4648887.78	7553678.82	4648967.93
7553683.88	4649117.98	7553513.34	4649064.25	7553405.65	4648888.05	7553695.16	4648979.96
7553676.09	4649117.32	7553498.40	4649058.10	7553413.86	4648890.96	7553700.44	4648983.19
7553667.48	4649116.55	7553489.94	4649054.73	7553419.17	4648892.63	7553705.17	4648986.61
7553664.21	4649116.22	7553486.58	4649053.34	7553426.71	4648896.02	7553708.28	4648988.82
7553660.70	4649115.77	7553483.01	4649051.75	7553436.01	4648901.50	7553720.36	4648996.49
7553657.37	4649115.27	7553479.68	4649050.15	7553442.66	4648904.03	7553732.23	4649003.46
7553655.52	4649114.96	7553478.58	4649049.59	7553452.99	4648907.45	7553734.30	4649004.45
7553652.67	4649114.36	7553475.85	4649048.17	7553461.51	4648910.50		

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Просторот дефиниран за изработка на **урбанистички проект** со својата местоположба припаѓа на територија на КО Миладиновци вон-град, **Општина Илинден.**

Предметниот проектен опфат за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден,** се наоѓа надвор од плански опфат на важечка планска документација на Општина Илинден (предмет бр.0801-104 од 09.03.2021 година).

Согласно одредбите на член 58 став 6 и член 59 став 6 точка 12 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење,** со кој се уредуваат мали поединечни градби од државно значење што ги задоволуваат условите за поединечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и економска оправданост за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

Согласно одредбите на член 58, став 6 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М 32/20), се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден,** врз основа на Услови за планирање , Проектна програма одобрена од надлежниот орган, податоци, информации и мислења од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на проектниот опфат.

Проектниот опфат ја зафаќа постоечката наплатна станица за која постои:

Главен Проект за "Наплатна станица Миладиновци на Автопат Е-75, Хиподром – Миладиновци" со технички бр. 2654, изработен од градежно претпријатие "БЕТОН" А.Д. – Скопје, со датум на изработка Октомври 1993 год. и издадена урбанистичка согласност бр. 08 - Уп – I – 216 / 1 од 18.03.1994 година од Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

Постојните објекти од наплатна станица Миладиновци се евидентирани во имотен лист бр.5394 со право на сопственост на РМ и тоа:

- Автопат со површина од 90 332 m²
- Административен објект со површина 76 m²
- Трафостаница со површина 19 m²

За потребите на проектот обезбедени се Услови за планирање на просторот (тех.бр.Y06021 од Јули 2021 год.) кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и Решение за Услови за планирање на просторот (арх.бр.УП1 – 15 1010 / 2021 од 22.07.2021год) и истите претставуваат обврзувачки документи во понатамошното планирање на просторот.

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 и член 59 став 6 точка 12 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ. Бр. 32/20)

по претходно обезбедени Услови за планирање на просторот, мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на проектниот опфат.

Согласно издадените Услови за планирање на просторот (тех.бр.Y06021 од Јули 2021 год.) и Решение за Услови за планирање на просторот (арх.бр.УП1 – 15 1010 / 2021 од 22.07.2021год), предметниот проектен опфат навлегува во заштитната зона на аеродромот во Скопје, оттука треба да се почитува член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РМ" бр.48/2020 – пречистен текст).

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот.

Во нив спаѓаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошките, сеизмички, педолошки, хидролошки, климатски карактеристики и др.

3.1. Географски податоци

Подрачјето на проектниот опфат зафаќа парцели од КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден Скопје.

Административно припаѓа во Општина Илинден.

Општина Илинден се наоѓа на географски координати 41°59′45″N 21°34′55″E, во непосредна близина на главниот град Скопје, поточно на само 10 км оддалеченост од потесното градско подрачје. Го зафаќа источниот дел на Скопската котлина, на тромеѓето Скопје-Куманово-Велес. Од запад се граничи со Општина Гази Баба, од северозапад со Општина Арачиното, од север - североисток со Општина Куманово, а од исток и од југ со Општина Петровец.

3.2 Релјефни услови, наклон и експозиција на терените

Во основа, територијата на Општина Илинден има рамничарска морфологија на теренот со 80% од површината, а 20% е мал ридест дел во северозападен правец на падините од Скопска Црна Гора

Проектниот опфат се наоѓа на надморска височина од околу 280м. Не е забележана геолошка нестабилност на теренот.

3.3. Сеизмички карактеристики

Високата сеизмичност на Скопското подрачје е условено од вкрстувањето на регионалните раседи од прв ред ориентирани СЗ-ЈИ и оние ориентирани исток запад.

Како најважен и многу изразен е попречниот Скопско-Ќустендилски расед, кој се протега низ цела територија на Македонија и продолжува кон Бугарија. Овој расед во западниот дел на Скопската котлина е многу морфолошки изразен, додека во источниот правец е препокриен или е дефиниран со геофизички методи. Од другите

поважни раседи во Скопското подрачје се издвоени Лепеначкиот, Бразданскиот, Скопско-црногорскиот и Драчевскиот. Првите два се слабо изразени во релјефот но спрема геофизичките податоци јасно се манифестираат како неотектонски дислокации. Движењето на блоковите долж овие дислокации продолжува и денес, бидејки истите се сеизмогени. Поизразена дислокација е Скопско црногорскиот расед кој се протега многу контрасно вдолж западните падини на Скопска Црна Гора и се манифестира како регионален расед се до Катланово со должина од 35 км. Вдолж него се вршат диференцирани движења и истите се носители на сеизмичка активност на оваа дислокација.

3.4. Хидрографија и хидрологија

Илинден има скромна хидрографија, бидејќи на својата територијата нема постојани природни водотеци, освен сливот на Сува река, кој го сочинуваат две помали реки кои се во поголемиот дел од годината пресушени. Сува река се формира од две притоки, од кои едната минува низ населените места Бучинци, Мршевци и Бујковци а другата поминува низ населените места Дељадровци, Текија и Миладиновци и продолжува кон Петровец, наводнувајќи ги овие подрачја. На поголем дел има отворени одводни канали за одводнување на површинската и високата подземна вода кои се користат и за наводнување на земјоделските површини.Каналската мрежа која е дел од системот Скопско Поле се состои од главни, секундарни и терцијални канали за одводнување на површините, чија вкупна должина изнесува околу 100 км.Исто така, постои и мала вештачка акумулација на Сува река со површина од околу 2 ha и длабочина 3 до 4 метри која се користи за собирање на надојдените води од падините на Скопска Црна Гора и заштита од поплава на населените места по сливот на реката (Мршевци, Бујковци и Миладиновци). Во минатото, се користела за наводнување на земјоделските површини во околината. Во тек на подолготраен сушен период и оваа акумулација пресушува.

3.5 Климатски карактеристики

Климатските карактеристики во Општина Илинден произлегуваат од повеќе фактори: географска положба, влијанието на Егејското Море, надморската височина и локалните орографски услови. На територијата на Општината се чувствуваат влијанијата на континенталната и на медитеранската клима. Влијанието на медитеранската клима е послабо, додека влијанието на континенталните воздушни маси, кои преку Качаничката Клисура и Кумановско-Прешевската превлака од север и северо-запад навлегуваат на територијата на Општината, е посилно.Климата е со модифицирано медитеранско и континентално влијание кое манифестира посебна месна клима. Летата се топли, дури и многу топли и суви, а зимите се умерено студени. Есента е потопла од пролета, а апсолутното колебање на температурата претставува јасен показател за континенталноста на климата. Средната годишна температура на воздухот изнесува 12,2ОС. Апсолутната максимална температура изнесува 41, 5ОС, а апсолутниот минимум изнесува минус 25,6ОС. Во летните месеци средниот месечен максимум изнесува 30,9ОС, а дневниот 35,8ОС. Минимални температури се регистрираат во јануари со средно месечен просек од +0,2 ОС и среден месечен минимум од минус 3,4ОС.Висината на атмосферските врнежи се движи околу 500 мм годишно, а средно годишната релативна влажност на воздухот изнесува 70%. Врнежите, главно, се застапени со дожд, додека снежната покривка се задржува просечно 25 дена во годината. Ветрови се јавуваат од сите правци и

меѓуправци, а преовладува Вардарецот кој дува од северозападен правец. Средната брзина на ветерот е приближно иста во сите правци и се движи од 6 до 8 m/s, а максималната брзина е измерена од североисточен правец и изнесува 23 m/s.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз развојот на просторот во рамките на опфатот на планот, го опфаќаат демографскиот состав, начинот на животот на населението, економскиот развој, сообраќајна поврзаност, инфраструктура, културноисториско, здравствено-социјални како и употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

Веднаш крај Илинден поминуваат автопат кој е дел од меѓународниот патен правец Е-75 и коридорот 10, а исто така и железничката пруга кон Куманово и Белград дел од истиот паневропски сообраќаен коридор. На југ од Илинден води патниот правец на кој се наоѓа Јурумлери и води кон Драчево, на североисток се Ајватовци и Бунарџик, на северозапад е Арачиново, на исток и југоисток од Илинден се наоѓа Марино низ кој водат 2 локални патни правци кон Кадино и Мралино и кон Миладиновци, на запад е градот Скопје со населбите Хиподром и Маџари.

Во состав на Општина Илинден влегуваат 12 населени места и тоа: Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци.

Општина Илинден брои 15 894 жители Околу 70% од земјиштето е земјоделски обработливо (претежно со житни култури), а на територијата на општината се наоѓаат и некои важни индустриско-стопански објекти како Рафинеријата за нафта ОКТА и Слободната економска зона Бунарџик.

Според планската документација, проектниот опфат е во непосредна близина на автопатот Скопје – Белград и се наоѓа на надморска височина од 240 м.н.м. до 280 м.н.м.

Реализацијата на проектната документација односно **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден**, ќе има позитивно влијание врз развојот на Општина Илинден.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД , ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И НА ЗЕЛЕНИЛОТО

Согласно ажурираната геодетска подлога и податоците во извештајот од извршено дигитално преклопување при АКН, во рамките на проектниот опфат, предмет на овој урбанистички проект, постои наплатна станица Миладиновци со целосно функционална инфраструктура и придружни објекти, сообраќајна инфраструктура на Коридор 8.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРКИ ОСНОВИ)

Согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Се наложува доколку при изведување на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, да се постапи во согласност со член 65 од Закон за

заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

За присутноста на постоечките инфаструктурни инсталации и нивните главни водови добиени се податоци и потврди од соодветните Министерства, јавни претпријатија и акционерски друштва.

Пред отпочнување на проектирањето побарани се податоци, информации и мислења за проектниот опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден,** во постапка бр. 34440 на системот е-урбанизам.

-Разни податоци регистрирани со дополнителни геодетски снимања во коридорот. Распоредот на овие инфраструктурни инсталации е имплементиран во графичкиот дел од овој урбанистички проект.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа
- Гасоводна мрежа

Врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20), согласно член 47 став (4) Доколку државните органи, институции, установи и правни лица од ставот (1) на овој член, во рокот од став (3) на овој член, не ги доставаат податоците и информациите со кои располагаат, се определува дополнителен рок од пет дена со опомена да ги доставаат бараните податоци и информации со кои располагаат, а во спротивно евентуалните идни штети, настаните поради недоставувањето на податоците и информациите или неодговарањето на барањето се на нивен товар.

А. Сообраќајна мрежа

На предметната локација во рамките на проектниот опфат постои Сообраќајна мрежа, согласно:

- Јавно Претпријатие за државни патишта, со допис бр. 10-2588/2 од 16.03.2021 година во постапка бр. 34440 на системот е-урбанизам, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Сообраќајна мрежа, траса на магистралниот пат (автопат) А2 (М-4).

- Јавно Претпријатие за железничка инфраструктура, со допис бр. 2001-1630/2 од 24.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат не постојат инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје.

Б. Водоводна мрежа

На предметната локација во рамките на проектниот опфат постои Водоводна мрежа, согласно:

- Јавно Комунално Претпријатие "Водовод" н.Илинден, со допис и скица, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Водоводна мрежа, за снабдување со вода од системот за водоснабдување со кој стопанисува ЈКП "Водовод" н.Илинден и тоа, Ø400 примарен вод и Ø63 секундарен вод во функција на објектите од наплатната станица. Воедно напоменува :
При изведување на трасата задолжително е да се повика одговорно лице од ЈКП "Водовод" н.Илинден заради утврдување на состојбата на терен.

- АД Водостопанство на РСМ - Скопје, со допис бр. 11-652/3 од 25.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат не поседува објекти или инфраструктура.

В. Електроенергетска мрежа

На предметната локација во рамките на проектниот опфат постои Електроенергетска мрежа, согласно:

- Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со допис бр. 10-55/3-56 од 15.03.2021 година во постапка бр. 34440 на системот е-урбанизам, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Електроенергетска мрежа, 10(20)/0.4kV Трафостаница и 10(20)kV подземна мрежа.

- АД Електрани на Северна Македонија, со допис бр. 08-1010/1 од 10.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат не постои Електроенергетска мрежа.

- АД МЕПСО, со допис бр. 11-1538/1 од 12.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат не постои Електроенергетска мрежа.

Г. Телекомуникациска мрежа

На предметната локација во рамките на проектниот опфат постои Телекомуникациска мрежа, согласно:

- Агенција за електронски комуникации, со допис бр. 1404-878/2 од 15.03.2021 година во постапка бр. 34440 на системот е-урбанизам, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Телекомуникациска мрежа, бакарен и оптички телекомуникациски кабел.

- МВР Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации, со допис бр. 11.2.24365/2 од 19.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Телекомуникациска мрежа.

Д. Гасоводна мрежа

На предметната локација во рамките на проектниот опфат не постои Гасоводна мрежа, согласно:

- НЕР АД Скопје, со допис во постапка бр. 34440 на системот е-урбанизам, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат не постои Гасоводна мрежа.

8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД СУБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 32 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОСТОЈНАТА/ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ.

Со допис бр. 09-101/2 од 18.03.2021 година од Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачно одделение Гази Баба доставен во постапка бр. 34440 на системот е-урбанизам доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување -пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр.93/12), Процената на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден.**
Во делот **Мерки за заштита и спасување**, да се опфатат следните мерки:

1.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ
2.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ
3.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ
4.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО
5.РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ
6.ЗАСОЛНУВАЊЕ

- **МВР Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации**, со допис бр. 11.2.24365/2 од 19.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Телекомуникациска мрежа.

За непречено изведување на градежните работи потребно е да се изврши изместување на оваа линиска инфраструктура надвор од границата на градежни активности. За таа цел, како составен дел на оцновниот проект потребно е да се изготви техничко решение со предлог траса како и да се предвидат финансиски средства за изведба на предложеното изместување. Пред започнување на градежните работи, задолжително да бидеме известени.

- **Агенција за цивилно воздухопловство**, со допис бр. 12-8/157 од 23.02.2022 година, утврдува дека предметниот опфат се наоѓа во зона на Меѓународен аеродром Скопје, на 2.718 м Североисточно од референтната точка на аеродромот, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се вметнат / запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 299мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над дозволената, некоја од претходно наведените содржини или изградба / поставување на :

- Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м.

Потребно е од Агенцијата за цивилно воздухопловство, да доставите проектна документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство (“Службен весник на РМ“ бр.48/2020 – пречистен текст), а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

❖ **НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден, зафаќа површина од 56 469.47 м^2.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
намена	шифра	m2	%
ЈАВНИ ПАТИШТА СО ПРАТЕЧКИТЕ ГРАДБИ И ИНСТАЛАЦИИ	Е 1.1	14302.37	25%
ЗГРАДИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ	Е 2.1	7449.78	13%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	НЗ	34717.32	61%
ВКУПНО		**56469.47**	**100%**

Планер:

Јануари, 2023 година

Славица Чавдаровска Наумова,д.и.а

Овластување бр. 0.0469

❖ ГРАФИЧКИ ДЕЛ



ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ / DESIGN TITLE:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден.

Urban project outside the scope of the urban plan of state importance for the Miladinovci toll station, on Corridor 8, Miladinovci municipality outside the city, Municipality of Ilinden.

ИНВЕСТИТОР / CLIENT:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
PUBLIC ENTERPRISE FOR STATE ROADS

ПРОЕКТАНТ / DESIGNER:

ЧАКАР & ПАРТНЕРС
"КОНСАЛТИНГ" - "ИНЖЕНЕРИНГ" - "МАРКЕТИНГ"

ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ / DESIGNER IN CHARGE:

Славица Чавдаровска Наумова, *д.и.а.*
овластуване бр.0.0469
Slavica Cavdarovska- Naumova, BSc.Eng.Arh.
Authorization No.0.0469

СОРАБОТНИЦИ / ASSOCIATES:

ВИД НА ПРОЕКТОТ/ TYPE OF DESIGN:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
URBAN DESIGN

книга бр./ book no.

име на книга/ name of book

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ / CONTENTS OF DRAWING:

ПРЕГЛЕДНА КАРТА
SURVEY MAP

ТЕХН.БРОЈ TECH.NO.	ДАТУМ DATE	РАЗМЕР SCALE
106-04-2021	2023	1:500

ФАЗА PHASE	ВИД НА ДОКУМЕНТОТ TYPE OF DOCUMENT			ФОРМАТ FORMAT	БРОЈ НА ЦРТЕЖ DRAWING NUMBER
У/U	D	W	G	297 x 1320	01

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, на КП 25/14, дел од КП 25/2, дел од КП 1211, дел од КП 25/16, дел од КП 1208/1 и дел од КП 25/4 КО Миладиновци вон-гр.,

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y06021

Скопје, јули 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, на КП 25/14, дел од КП 25/2, дел од КП 1211, дел од КП 25/16, дел од КП 1208/1 и дел од КП 25/4 КО Миладиновци вон-гр.,

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Министерство за транспорт и врски

Тех. бр. Y06021

Раководител на задачата:
м-р Кристина Николовска, д.и.а.

Координатор:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и.

Помошник раководител на сектор за ИТ и инфраструктура:
м-р Соња Георгиева Депинова, д.г.и.

Агенција за планирање на просторот

По овластување на Директорот:
бр.0306-761/1 од 09.07.2021 год.

_____

Цветанка Маркушоска, д.и.а.

Скопје, јули 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, на КП 25/14, дел од КП 25/2, дел од КП 1211, дел од КП 25/16, дел од КП 1208/1 и дел од КП 25/4 КО Миладиновци вон-гр.,

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето Просторниот план се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на Република Македонија", бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените

места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за услови за планирање на просторот**.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, на КП 25/14, дел од КП 25/2, дел од КП 1211, дел од КП 25/16, дел од КП 1208/1 и дел од КП 25/4 КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден.

Површината на планскиот опфат изнесува 5,63 ha.

Низ планскиот опфат минува траса на оптички кабел за кој се изработени:

- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со оптички кабел на подрачјето од Скопје-Куманово до граничен премин Табановце со тех.бр. Y13506.

Планскиот опфат навлегува во заштитната зона на аеродромот во Скопје.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0,225 0,45 0,9 Km

1:15.000



Општинска граница

Катастарска граница

Оптички кабел-Y13506

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на актив-ности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.** Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодивер-зитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и други карактеристики на подрачјето.

Условите за планирање на просторот во КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден. Предметната локација се наоѓа Југозападно од населено место Илинден на надморска височина од 280-290м.

Предметното подрачје е под влијание на континентална **средоземна клима**, односно на овој простор се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на северни и североисточни ветрови, со најголема честина на северниот ветар од 142‰. Потоа следи североисточниот ветар со честина од 120‰, југоисточниот ветар со честина од 114‰, јужниот ветар со честина од 82‰, северозападниот ветар со честина од 81‰, западниот ветар со честина од 74‰ и источниот со честина од 56‰.

Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули. Поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 50 денови. Карактеристични се утринските мразеви до крајот на април.

Во однос на врнежите податоците говорат дека вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 504mm со максимум во ноември и мај. Сушниот период трае од јули до септември со траење на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 86, облачни денови 184, а тмурни денови 95. Просечната влажност на воздухот во текот на годината изнесува 70%.

Просечната годишна температура изнесува 12^0C. Просечната годишна максимална температура изнесува $18,2^0$C, додека минималната изнесува 6^0C.

Податоците се од мерната станица Скопје Петровец.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската

економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со развојот на економијата и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Скопје со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот условени од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките, потоа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е развојната оска "Север-Југ" минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефициии, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Изградбата и реконструкцијата на постоечка наплатна станица Миладиновци, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со имплементација на предметната документација ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно

управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.

- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Просторот кој е предмет на разработка изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на предметната документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на проектот не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци , на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- **енергетските системи**, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, на КП 25/14, дел од КП 25/2, дел од КП 1211, дел од КП 25/16, дел од КП 1208/1 и дел од КП 25/4 КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден.

Површината на планскиот опфат изнесува 5,63 ha.

Низ планскиот опфат минува траса на оптички кабел за кој се изработени:

- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со оптички кабел на подрачјето од Скопје-Куманово до граничен премин Табановце со тех.бр. Y13506.

Планскиот опфат навлегува во заштитната зона на аеродромот во Скопје.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

При изработката на предвидената документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на инфраструктурата влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности. Во тој контекст, реализацијата за реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, позитивно ќе влијае на развој на сообраќајниот сектор кој е еден од развојните фактори за унапредување на локалната и национална економија.**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на локацијата со предвидената планска намена на земјиштето.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Околу изворникот за водоснабдување да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита;
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои утврди квалитетот на водата и режимот на хранење на бунарите.
- При обезбедувањето на потребните количини на вода да се применуваат современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем со што ќе се постигне рационално користење и заштита на водата;
- Отпадните води да се испуштат во најблискиот реципиент по соодветен третман, односно од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата **за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Изградбата и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока**

организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Јавни функции

- **Во граница на предметниот опфат наменет за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, нема препораки за организација на јавни функции (образование, здравство, култура и спорт и рекреација) што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- **При планирање на локацијата да се почитува Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 91/13-пречистен и 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18, 302/20) и **Законот за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16) , 35/18, 64/18 и 22/20).
- Предметната локација се наоѓа во **заштитната зона на Аеродромот " Меѓународен аеродром Скопје" кој спаѓа во примарната аеродромска мрежа.**

  При изработка на предметната документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата **за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата и реконструкцијата на постоечката наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Озеленување на површините да се врши со видови кои имаат висок акумулативен потенцијал кон присутните загадувачи на воздухот, заради зголемената концентрација на сообраќај.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на изградбата.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Миладиновци има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на предметната документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско - Кумановски туристички регион со утврдени 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат меѓународно туристичко значење. Низ ова подрачје минува и меѓународен Транзитен туристички коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба и реконструкција на постоечка наплатна станица Миладиновци, на автопат Миладиновци-Штип, КО Миладиновци вон-гр, Општина Илинден, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- југ-север
- западна
- јужна
- северна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



LEGENDA	
	granici na parceli
300.00	kota na teren
	kameri
1, 2, 3 . .	snimeni detalni to~ki
	rampi
	bandera
	(ahta
	soobra(ajni znaci
	planski opfat
	bankina
	kraj na metalen krov
	metalna baraka



ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПЛАНИРАНО ПРОШИРУВАЊЕ
= 1 392,12m²

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ / DESIGN TITLE:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден.

Urban project outside the scope of the urban plan of state importance for the Miladinovci toll station, on Corridor 8, Miladinovci municipality outside the city, Municipality of Ilinden.

ИНВЕСТИТОР / CLIENT:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
PUBLIC ENTERPRISE FOR STATE ROADS

ПРОЕКТАНТ / DESIGNER:

ЧАКАР & ПАРТНЕРС
"КОНСАЛТИНГ" - ИНЖЕНЕРИНГ" - МАРКЕТИНГ"

ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ / DESIGNER IN CHARGE:

Славица Чавдаровска Наумова, ***д.и.а.***
овластување бр.0.0469
Slavica Cavdarovska- Naumova, BSc.Eng.Arh.
Authorization No.0.0469

СОРАБОТНИЦИ / ASSOCIATES:

ВИД НА ПРОЕКТОТ/ TYPE OF DESIGN:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
URBAN DESIGN

книга бр./ book no.

име на книга/ name of book

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ / CONTENTS OF DRAWING:
ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО ПЛАНСКИ И ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА ОД ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
SUMMARY GRAPHIC APPENDIX WITH PLAN AND PROJECT SOLUTIONS FROM ADOPTED URBAN PLANS, URBAN PLAN DOCUMENTATION AND APPROVED INFRASTRUCTURE DESIGNS

ТЕХН.БРОЈ TECH.NO.	ДАТУМ DATE	РАЗМЕР SCALE
106-04-2021	2023	1:500

ФАЗА PHASE	ВИД НА ДОКУМЕНТОТ TYPE OF DOCUMENT			ФОРМАТ FORMAT	БРОЈ НА ЦРТЕЖ DRAWING NUMBER
У/U	D	W	G	297 x 1320	2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1110-56/2023 од 23.01.2023 13:34:18

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: ELEKTRONSKI ShALTER
Издавач: Makedonski Telekom CA
Серриски број: 5f 25 9d ae
Валиден до: 16.08.2023
Датум и час на потпишување: 23.01.2023 во 13:36:48
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1110-56/2023

И З В Е С Т У В А Њ Е

за електронска заверка на геодетски елаборат

Извршена е електронска заверка на геодетскиот елаборат за Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од: ТУМБА ГЕО АРТ ДООЕЛ КУМАНОВО, заведена под број: 0801-88/3-2021 од 23.01.2023 година.
Со заверката се потврдува дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем.
Геодетскиот елаборат е доставен во електронска форма преку Е- шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности, на 23.01.2023 13:34:18 часот.

Службено лице

М.П. **ТУМБА ГЕО АРТ ДООЕЛ КУМАНОВО**

(име и презиме, потпис)

Центар за вештачење и проценка
„ТУМБА ГеоАрт“ ДОО
tumbageoart2017@gmail.com
Бр. 0801-88/3-2021
23.01.2023 година
Куманово

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ
ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

ЗА АЖУРИРАЊЕ НА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

К.О. МИЛАДИНОВЦИ-ВОНГРАД

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ
ЦВП „ТУМБА ГеоАрт“ ДОО КУМАНОВО
Изготвил:

м-р Ненад Антевски_____ М.П.
Име, Презиме и потпис на овластен геоде

NENAD ANTEVSKI

Digitally signed by NENAD ANTEVSKI
DN: C=MK, O=Makedonski Telekom, CN=Makedonski Telekom CA, OU=TUMBA GEOART DOO:4017017533937, SERIALNUMBER=CRT3559464 + CN=NENAD ANTEVSKI
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023-01-23 13:11:47
Foxit PhantomPDF Version: 9.7.5

L E G E N D A	
	granici na parceli
300.00	kota na teren
	kameri
1, 2, 3 .	snimeni detalni to-ki
	rampi
	bandera
	(ahta
	soobra)ajni znaci
	planski opfat
	bankina
	kraj na metalen kroy
25/2	metalna baraka

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ / DESIGN TITLE:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАПЛАТНА СТАНИЦА МИЛАДИНОВЦИ, НА КОРИДОР 8, КО МИЛАДИНОВЦИ ВОН-ГРАД, ОПШТИНА ИЛИНДЕН.

URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF THE URBAN PLAN OF STATE SIGNIFICANCE FOR THE MILADINOVCI TOLL STATION, ON CORRIDOR 8, MILADINOVCI OUTSIDE THE CITY, ILINDEN MUNICIPALITY.

ИНВЕСТИТОР / CLIENT:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

PUBLIC ENTERPRISE FOR STATE ROADS

ПРОЕКТАНТ / DESIGNER:

ЧАКАР & ПАРТНЕРС

"КОНСАЛТИНГ" - "ИНЖЕНЕРИНГ" - "МАРКЕТИНГ"

ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје

РЕВИДЕНТ / REVISIOR:

Градежен Факултет - Скопје

Civil Engineering Faculty - Skopje

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ / DESIGNER IN CHARGE:

Славица Чавдаровска Наумова, *д.и.а.*

овластуване бр.0.0469

Slavica Cavdarovska- Naumova, BSc.Eng.Arh.

Authorization No.0.0469

СОРАБОТНИЦИ / ASSOCIATES:

ВИД НА ПРОЕКТОТ/ TYPE OF DESIGN:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

URBAN DESIGN

книга бр./ book no.

име на книга/ name of book

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ / CONTENTS OF DRAWING:

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ

UPDATED GEODETIC SURVEY MAP WITH PROJECT SCOPE

ТЕХН.БРОЈ TECH.NO.	ДАТУМ DATE	РАЗМЕР SCALE
106-04-2021	2023	1:1000

ФАЗА PHASE	ВИД НА ДОКУМЕНТОТ TYPE OF DOCUMENT			ФОРМАТ FORMAT	БРОЈ НА ЦРТЕЖ DRAWING NUMBER
У/U	D	W	G	297 x 1320	1

L E G E N D A	
	granici na parceli
300.00	kota na teren
	kameri
1, 2, 3 .	snimeni detalni to-ki
	rampi
	bandera
	(ahta
	soobra)ajni znaci
	planski opfat
	bankina
	kraj na metalen kroy
25/2	metalna baraka



ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
намена	шифра	m2	%
ЈАВНИ ПАТИШТА СО ПРАТЕЧКИТЕ ГРАДБИ И ИНСТАЛАЦИИ	Е 1.1	14302.37	25%
ЗГРАДИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ	Е 2.1	7449.78	13%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	Н3	34717.32	61%
ВКУПНО		**56469.47**	**100%**

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОСТОЈНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ЕЛЕКТРИКА
- ВОДОВОД
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ:

- Е 1.1 — Јавни патишта со пратечките градби и инсталации
- Е 2.1 — Згради на патниот сообраќај
- Н3 — Неизградено земјиште

НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ / DESIGN TITLE:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАПЛАТНА СТАНИЦА МИЛАДИНОВЦИ, НА КОРИДОР 8, КО МИЛАДИНОВЦИ ВОН-ГРАД, ОПШТИНА ИЛИНДЕН.

URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF THE URBAN PLAN OF STATE SIGNIFICANCE FOR THE MILADINOVCI TOLL STATION, ON CORRIDOR 8, MILADINOVCI OUTSIDE THE CITY, ILINDEN MUNICIPALITY.

ИНВЕСТИТОР / CLIENT:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
PUBLIC ENTERPRISE FOR STATE ROADS

ПРОЕКТАНТ / DESIGNER:

ЧАКАР & ПАРТНЕРС
"КОНСАЛТИНГ" - "ИНЖЕНЕРИНГ" - "МАРКЕТИНГ"

ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје

РЕВИДЕНТ / REVISIOR:

Градежен Факултет - Скопје
Civil Engineering Faculty - Skopje

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ / DESIGNER IN CHARGE:

Славица Чавдаровска Наумова, *д.и.а.*
овластуване бр.0.0469
Slavica Cavdarovska- Naumova, BSc.Eng.Arh.
Authorization No.0.0469

СОРАБОТНИЦИ / ASSOCIATES:

ВИД НА ПРОЕКТОТ/ TYPE OF DESIGN:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
URBAN DESIGN

книга бр./ book no.

име на книга/ name of book

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ / CONTENTS OF DRAWING:
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД ФКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ГРАДЕЖЕН ОПФАТ
INVENTORY OF CONSTRUCTION FUND BUILT TOTAL PHYSICAL SUPERSTRUCTURE AND COMMUNAL INFRASTRUCTURE OF LAND IN THE PROJECT SCOPE OF CONSTRUCTION

ТЕХН БРОЈ / TECH NO.	ДАТУМ / DATE	РАЗМЕР / SCALE
106-04-2021	2023	1:1000

ФАЗА / PHASE	ВИД НА ДОКУМЕНТОТ / TYPE OF DOCUMENT			ФОРМАТ / FORMAT	БРОЈ НА ЦРТЕЖ / DRAWING NUMBER
У / U	D	W	G	297 x 1320	4

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во проектниот опфат

Во границата на планскиот опфат се предвидува површина за градење за наплатна станица со електронски систем за наплата. Сообраќајното решение треба да овозможи проширување со дополнителна сообраќајна лента и остров за наплата, реконструкција на постоечките острова, проширување на настрешницата и инсталации потребни за поставување на нов систем за наплата, вклучително потпорна конструкција (ѕид, косина и сл.), нивелманско решение, уредување на просторот со озеленување и приклучни точки за сите водови на инфраструктура.

Предметниот проектен опфат за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден,** се наоѓа надвор од плански опфат на важечка планска документација на Општина Илинден (предмет бр.0801-104 од 09.03.2021 година).

Согласно одредбите на член 58 став 6 и член 59 став 6 точка 12 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење,** со кој се уредуваат мали поединечни градби од државно значење што ги задоволуваат условите за поединечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и економска оправданост за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

Согласно одредбите на член 58, став 6 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М 32/20), се изработува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден,** врз основа на Услови за планирање , Проектна програма одобрена од надлежниот орган, податоци, информации и мислења од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на проектниот опфат.

Целта за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден** е формирање на површина за градење со група на намена, класа на намена и поединечна намена;

Е- Инфраструктура

Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.1- јавни патишта со пратечките градби и инсталации

Е2- Згради за сообраќај

Е2.1- згради на патниот сообраќај со инсталации и простори

Во проектниот опфат се предвидува изградба на наплатна станица со електронски систем за наплата со класа на намена Е2.1- згради на патниот сообраќај со инсталации и простори и ново сообраќајно решение со класа на намена Е1.1- јавни патишта со пратечките градби и инсталации.

***површина за градење* 1.1**	.	7 780,69 м^2
***површина за градење* 1.2**	.	7 324,05 м^2
површина за градење* 1.3** ***височина ***катност***	.	8 141,63 м^2 Н= 7.5м, П

Сообраќај :

Хоризонталното решение на наплатната станица Миладиновци, произлегува од претходно дефинираната местоположба на постоечката наплатна станица. Осовината на проектираното решение е поставена на левиот раб од каде е извршено прошиорување за дополнителна лента и остров за наплата.

Вкупната широчина 50.6 м на наплатната станица произлегува од:

- Сообраќајни ленти каде што се сместени островите за наплатните кабини 7 x 2.30 m = 16.10 m
- Возни сообраќајни ленти 4 x 3.50 m = 14 m (од кои две се планирани да бидат ревирзибилни, односно да се користат во двата правци зависно од потребата)
- Возни сообраќајни ленти 2 x 3.75 м = 7.50 м за ЕТС ленти
- Возни сообраќајни ленти 2 x 6.50 м = 13 м за специјални возила

Вкупната должина на наплатната станица произлегува од:

- Островите за наплатните станици 50м (ревирзибилни) и 34.5м
- Бетонска коловозна конструкција
- Платформа за престројување
- Должина на влезно - излезните ленти

Хоризонталното решение е водено со една оска, која е долж левиот раб на постоечката наплатна станица. Должината на оската е 409.62 м, во кои влегува и проширувањето со должина од 283.16м кое е пресликано со спротивната постоечка десна страна на наплатната станица.

При вертикално поставување на нивелетата долж работ водено е сметка да се запази постоечката висина, односно постечкиот асфалтен раб на наплатната станица. Вертикалните елементи на решението максимално се водат по постоечката состојба. Оттукка се констатира дека постои конвексно вертикално заоблување на нивелетата.

Попречниот постоечки наклон во делот на наплатната станица изнесува околу 2.0% (едностран) истиот варира во делови на кои е извршено витоперење со цел попречно да се вклопи со наклонот на Автопатот пред и по наплатната станица. Ново

предвидената лента (проширување) е предвидено со спротивен попречен наклон од 2.5% насочен према надворечната страна на наплатната кон ригола заради подобро одводнување на псотелката и асфалтот.

Графички презентираните напречните профили ги содржат сите димензии како што се: број на профилот, стационажа, потребни димензии на елементите на планумот, коти на нивелета, коти на левиот и на десниот раб на патот, напречни наклони, наклони на косините, елементи за одводнување.

Разделни острова :

Предвидени се 7 наплатни острова поставени на осовинско растојание 4,95m. со реконструкција на постоечките за обезбедување на правилна и непречена функција на новиот систем за наплата. Воедно се предвидени инсталациите за правилно функционирање на наплатните кабини.

Челична настрешница :

Ново проектираниот објект (Наплатна станица "Миладиновци") всушност претставува замена на постоечката кровна конструкција, со нова при што постоечкитете столбови се задржуваат и продолжуваат/наставуваат до потребната висина, а предвидени се и нови столбови во северен правец со цел зголемување на бројот на функционални сообраќајни ленти.
Објектот, челична настрешница се состои од вкупно 8 (4x2) постоечки столбови кои се поставени во делот на разделните острова, при што се предвидени и 2(два) нови столба во северен правец кои ќе бидат поставени во делот на ново-проектираните разделни острова.

Просторната решетка висински е поставена така да се обезбеди пропишаниот слободен сообраќаен профил. Минималната висина мерено од долниот раб на долниот појас на решеткастиот носач до највисоката кота на асфалт изнесува 5,00m. Должината на конзолните препусти е дефинирана и адаптирана во согласност со архитектонските побарувања и ревидираното архитектонско решение на настрешницата како и со диспозиционата поставеност на постоечките столбови. Максимална висина на објектот во однос на нулта кота е +6.88m, висина на објект која што не ја надминува висината на венец H=7.0m.

Одводнување :

Предвидено е одводнување со атмосферска канализација и одведување на водите кон пропустите. Истите служат да ја прифатат водата од коловозот и косините во ископите и насипите и да ја одведат надвор од трупот на патот во постоечките канали и реципиенти.

Инфраструктура:

Во рамките на урбанистичкиот проект се предвидени приклучоците за инфраструктурните системи електрика и улично осветлување.

- **Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат**

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
	шифра	m2	%
Сообраќајни патни инфрраструктури	Е 1.1	15104.74	27%
Згради на патниот сообраќај	Е 2.1	8141.63	14%
Заштитно зеленило - Заштитен појас	Д 2.1	33223.10	59%
ВКУПНО		**56469.47**	**100%**

- **Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за објектите во проектниот опфат.**

ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА						
БР. НА П.Г.	ОБЈЕКТ		КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ	КАТНОСТ
			шифра	m2	m	П
1.1	Сообраќајни патни инфрраструктури		Е1.1	7780.69	/	/
1.2	Сообраќајни патни инфрраструктури		Е1.1	7324.05	/	/
1.3	Згради и комплекси на патниот сообраќај		Е2.1	8141.63	7.5	П
	1	Административен објект				
	2	Бетонски острови со контролни кабини				
	3	Настрешница				
	4	Бетонски коловоз				
ВКУПНО ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА			**23246.37 m²**			

Билансните показатели како споредбена анализа на постојните нумерички показатели и нумерички показатели кои произлегуваат од планското решение во оваа урбанистичко планска документација се:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ				
Класа на намена	Постоечка состојба	Процент %	Планирана состојба	Процент %
Е 1.1 - СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ	14302.37 m2	25%	15104.74 m2	27%
Е 2.1 - ЗГРАДИ НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ	7449.78 m2	13%	8141.63 m2	14%
Д 2.1 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО - (заштитен појас)	/	/	33223.10 m2	59%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	34717.32 m2	61%	/	/
Површина на опфат:	**56469.47 m2**	**100%**	**56469.47 m2**	**100%**

2. Општи услови за проектирање и градење

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.32/20) член 58, став 6, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20).

Општите услови важат за целата површина на градежното земјиште разработена со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден.**

- Изградбата на инфраструктурата и нејзините објекти како и вкупното просторно уредување на предметната документација треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел од документацијата.

- Услови за градење во објекти, содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводување на отпадни води.

- Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Проектот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување на сила на Урбанистичкиот проект за инфраструктура.
- Доколку при изработка на проектната документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со изведба на конкретната инфраструктура, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство.

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, ќе се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16) односно веднаш треба да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство, според член 129 од Законот.

- Начинот на изведување на инфраструктурата треба во целост да биде во согласност со изработената техничка документација и пропишаната градежна регулатива.

- Сите услови за изградба на просторот во рамките на третираниот проектен опфат кои не се опфатени во приложените услови за изградба на просторот од оваа проектна документација да бидат во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 32/20), Законот за градење (Сл. в. на РМ бр 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, Уредба Сл. В. бр. 89/20, Уредба Сл. В. бр. 121/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 225/20)

Пред отпочнување со изведбата, Изведувачот на работите е должен да изработи Програма со динамика за изведување на работите и истата да биде одобрена од Надзорот.

- Во фаза на изведа строго да се почитуваат техничките услови и препораки за паралелно водење и вкрстување на инсталации.

- При постоење на подземна електро инфраструктура во предметниот проектен опфат , потребно е да се контактира најблискиот КЕЦ , за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предментиот проектен опфат.

- Не е дозволено поставување на електрични, телефонски , топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна , фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.
- При паралелно поставување на електрични, телефонски , топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна , фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со ,,услови за полагање на електрични, телефонски , топлификациони, гасоводни и др. инсталации,, на соодветните комунални организации но не помалку од 0,6 м. односно 1м. од крајна ивица на водоводот , фекалната и атмосферска канализација. Вертикалното рестојание помеѓу нив треба да изнесува 0,5 м.

3. Посебни услови за проектирање и градење

- **МВР Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации**, со допис бр. 11.2.24365/2 од 19.03.2021 година, констатира дека на предметната локацијата во рамките на проектниот опфат постои Телекомуникациска мрежа.
За непречено изведување на градежните работи потребно е да се изврши изместување на оваа линиска инфраструктура надвор од границата на градежни активности. За таа цел, како составен дел на оцновниот проект потребно е да се изготви техничко решение со предлог траса како и да се предвидат финансиски средства за изведба на предложеното изместување. Пред започнување на градежните работи, задолжително да бидеме известени.
Проектно решение: Согласно проектното решение се јавува потреба од дислокација на телекомуникациски инфраструктури, за таа цел се предвидуваат две шахти на новопредвидените приклучни точки на приближна стационажа км.0+002.8 и км.0+389.0 во правец Скопје - Куманово. Телекомуникациската инфраструктура се положува во заштитно црево, се во согласност со ,,услови за полагање на електрични, телефонски , топлификациони, гасоводни и др. инсталации,,.

- **Агенција за цивилно воздухопловство**, со допис бр. 12-8/157 од 23.02.2022 година, утврдува дека предметниот опфат се наоѓа во зона на Меѓународен аеродром Скопје, на 2.718 м Североисточно од референтната точка на аеродромот, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 283мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се вметнат / запазат следните одредби:


Во продолжение ќе бидат опфатени потребните мерки на сигурност и техничка заштита.

- Да се почитуваат и применуваат сите позитивни законски прописи и одредби при работа на ваков вид работи, како и посебно напишаните од работодавачот;
- Да се запазуваат сите потребни барања и услови кои се составен дел од оваа книга, во делот на стандардите, нормативите и законските одредби за изведување на ваков вид работи;
- Да се проверуваат геодетски наклоните на патот;
- Патот треба постојано да биде добро одводнет, со тековно чистење и одржување на објектите за одводнување;
- Да се води сметка и евиденција за личната заштита што треба да ја користат вработените при изведувањето на потребните активности, согласно пропишаните законски одредби и нормативи;
- При транспортот, сите учесници се должни да користат лични заштитни средства;
- Да се врши тековно одржување и чистење на патот;
- Да се води сметка за времениот режим за измена на сообраќајот, со тековно одржување на сигнализација и обезбедување на сообраќајот;
- Да се почитуваат максимално дозволените брзини на движење.

Генерално, се препорачува придржување до сите останати пропишани законски одредби и правилници (кои се поврзани со ваков вид работи и активности).

8. Констатации, заклучоци и препораки

Врз основа на целокупното изработено во овој Идеен проект, можат да се изнесат следните констатации, заклучоци и препораки:

- Коловозната конструкција е превземена од проектот за изградба на наплатната станица, односно предвидена е иста коловозна конструкција како и постоечката во делот на проширувањето.
- Предвидено е проширување на левата страна од наплатната со изработка на подобрена постелка со дебелина d =40cм, поставување на тампонскиот материјал со дебелина d=30 cm, па следуваат битуменизираните асфалтни слоеви БНС 32сА со d=7cm и БНС 32сА со d=7cm и на крај доаѓа АБ 16с d=5cm.
- Воедно, се препорачува, при изградбата на патот да има перманентна геомеханичка и асфалтна контрола на вградените материјали, согласно законските одредби за изведба на ваков вид работи (стручен надзор), како и сертификати и атести за сите вградени материјали;
- Се препорачува тековно одржување на патот, чистење на банкините и објектите за одводнување, со што се обезбедува поголема трајност и функционалност на патот, истото треба да биде детално наведено и опишано во Проектот за одржување и употреба (согласно законските барања и прописи);

- Бидејќи сообраќајното (осовинско) оптоварување и бројот на возилата директно влијае на коловозната конструкција (трајноста и функционалноста во текот на експлоатациониот период), а имајќи ја во предвид намената и функцијата, препорака е тековно да се евидентира бројот на возила кои ќе се движат во следниот експлоатационен период. Воедно треба да се имаат во предвид законските и подзаконските акти на учесниците во изградбата Инвеститор – Изведувач – Надзор, при што во изведбата треба да се почитуваат, а пред изведбата е потребно да се проверат стандардите кои се на сила во Р.С. Македонија по кои треба да се извршуваат работите. Потоа редоследно се изработуваат “Проект на изведена состојба“, како и “Проект за одржување и употреба“ согласно правилникот за изработка на овие проекти а во кои се внесуваат потребните текстуални и графички прилози;
- Во фаза на изведба, доколку се појават одредени разлики по однос на прогнозираната градба на теренот, сите прашања да се разрешуваат во координација на тимови на нвеститор, изведувач, проектант, надзор и по потреба ревидент/консултант.

9. Предмер и пресметка на работите

Предмерот на работите е направен така да ги опфаќа позициите дефинирани со технолошкиот процес за изградба на ваков вид објекти.

Сите количини на работите се пресметани во границите на постоечката состојба. Според направениот предмер за количина на работите за секоја позиција, според проектански сознанија за цената на секоја позиција, направена е пресметка на работите (која е доставена во еден примерок до Инвеститорот).

Составиле :

TECHNICAL REPORT

For Conceptual design for construction, reconstruction and adaptation of the existing toll station Miladinovci on Corridor VIII, Municipality of Ilinden

INTRODUCTION

With the design is planned the construction and reconstruction of an existing toll station located near Miladinovci. The location for the toll station is near the junction Miladinovci on Highway A2.

The toll station is part of the existing integrated electronic payment system of Corridor 8 for which the planned equipment and characteristics are the same as the characteristics of the other toll stations on which electronic payment will be made. On it are planned a total of eight traffic lanes for passing vehicles for both directions together, which can be combined if necessary for passing vehicles in a given direction.

1. General Information About The Design

1.1 Subject And Purpose Of The Design

According to the design program received by the Employer PE for state roads of the Republic of Macedonia, it is necessary to prepare design documentation at the level of the PRELIMINARY design for reconstruction of the toll station Miladinovci located on the Highway A2, near the junction Miladinovci.

1.2 Terms of Reference for Preparation of the PRELIMINARY Design

The design program requires solution for the pay toll station with electronic system for payment. a

During the preparation of the subject design documentation at the level of the PRELIMINARY Design, the conclusions and directions of the Design Program were respected, and the existing asphalt and concrete pavement structure was not reconstructed.

1.3 Current Situation

The toll station is in excavation with stable slopes, with asymmetric number of lanes, 4 on one side and 3 on the other side, cracks and damages were registered on the concrete pavement slab as well as cracks, ruts and folds on the asphalt pavement structure, erosion of concrete islands and obsolete equipment. The existing toll station has a one-sided cross inclination slope of about 2.0% to the right and is located on a convex vertical curve with a large radius> 10000m.

2. Designing Bases

2.1 Regulation (laws, regulations and standards)

For preparation (designing) of the Basic Design data and documentation obtained by the Client are used.

- Project Program,
- Updated geodetic survey maps, layouts,
- Geodetic Report- geodetic survey of the terrain,
- Current technical documentation
- Engineering geological and geotechnical data,
- Required opinions and consents from the competent institutions,
- Extract from the spatial plan of RM,
- Climate and hydrological characteristics of the area,
- Legal and technical regulation,
- Consultations with the Employer and the Reviewer,
- Other needed data

The existing topographic maps are used as data; terrain reconnaissance is executed by studying the existing condition and the terrain factors. Intended geodetic staking is carried out along the planned rouyte, and then digital geodetic layout for the subject location.

During the preparation of the Basic Design for implementation of the system for electronic pay toll station Miladinovci, the following laws and regulations are used:

- Law on Construction (Official Gazette of RM no. 130 from 28.10.2009, and all amendments to the Law of the Official Gazette of RM, no. 163/13 from 26/12/2013)
- Law on Spatial and Urban Planning (Official Gazette of RM, no. 51/05 and all amendments to the Law of the Official Gazette of RM, no. 163/13 from 26/12/2013)
- Law on public roads (Official Gazette of RM, no. 84/08 and all amendments to the Law);
- Law on Road Traffic Safety (Official Gazette of RM, no. 54 from 03.05.2007 and all amendments up to 14.09.2012);
- Rulebook on technical elements for construction and reconstruction of the public roads and the objects on the roads (Official Gazette of RM, no. 110 from 03.09.2009 and amendments to the Rulebook Official Gazette no. 163/09, 26/10 and 163/10) and

- Technical conditions for the construction of trunk and regional roads in R. Macedonia" – issued by PE for State Roads

2.2 Topographic Data

During the preparation of the Basic Design for implementation of the system for electronic payment at the pay toll station Miladinovci, PRELIMINARY tacheometric surveying is obtained by applying software program for processing terrain modelling, where on that basis, situation of the horizontal solution is prepared.

3. Design Solutions

3.1 Placement of the Alignment - Horizontal Solution

The horizontal solution of the Arbinovo toll station arises from the previously defined location of the existing toll station. The axis of the designed solution is placed on the left edge from where the extension was made for an additional lane and an island for payment.

The total width - 50.6 m of the pay toll station derives from:

- Traffic lanes where the islands for the pay toll booths are placed 7 x 2.30 m = 16.10 m
- Traffic lanes 4 x 3.50 m = 14 m (both are planned to be reversible i.e. to be used in both directions, depending on the need)
- Traffic lanes 2 x 3.75 m = 7.50 m for ETC lanes
- Traffic lanes 2 x 6.50 m = 13 m for special vehicles

The total width of the pay toll station derives from:

- Islands for toll stations 50m (reversible) and 34.5m
- Concrete pavement structure
- Platform for lane changing
- Length of the exit and entrance lanes

The horizontal solution is guided by an axis, which is along the left edge of the existing toll station. The length of the axis is 409.62 m, which includes the extension with a length of 283.16 m which is mirrored with the opposite existing right side of the toll station.

The layout solution is elaborated in scale 1:500 and it is presented in appendix in the graphic section of the Design.

3.2 Longitudinal Section

The vertical elements of the solution are maximally guided by the existing condition. Hence it is concluded that there is a convex vertical rounding of the grade level.

3.3 Cross sections

The existing cross inclination in the part of the toll station is about 2.0% (one-sided) it varies in parts where winding has been done in order to transversely fit the slope of the Highway before and after the toll station. The newly planned lane (expansion) is planned with an opposite cross inclination of 2.5% directed towards the outer side of the toll towards the gutter for better dewatering of the subgrade and the asphalt.

Graphically presented cross sections contain all dimensions such as: section number, chainage, required dimensions of planum elements, grade level elevations, elevations on the left and right edge of the road, cross inclinations, slope inclinations, dewatering elements. In such manner, the required data for the work execution are clearly and unambiguously presented.

The graphic presentation of the cross profiles is presented in scale of 1:200.

4. Adopted structural solutions and pavement strucutre

The pavement structure in the part of the expansion was adopted in accordance with the existing pavement structure of the toll station, planned with the PRELIMINARY Design, according to which is constructed, envisaged by a basic project that has been performed and the final layer is harmonized with the road construction of the 2022 rehabilitation project for the A2 - Hipodrom - Miladinovci motorway.

– Adopted asphalt structure for the new pavement structure:

- SMA 11 – PmB 45-80/65 d = 4.0 cm
- Bituminous load-bearing layer BNS 32c A d = 7.0 cm
- Bituminous load-bearing layer BNS 32c A d = 7.0 cm
- Aggregate base d = 30.0 cm
- Improved subgrade d = 40.0 cm,

– Adopted reinforced concrete structure for a new pavement:

- Reinforced concrete pavement d = 20.0 cm
- Blinding layer d = 30.0 cm
- Improved subgrade d = 40.0 cm,

5. Road dewatering

The surface water drainage system remains in its current state. The waters are taken by the gutters on both sides of the toll and discharged into the existing canals and recipients.

The dewatering system consists of ditches, gutters, drainage, drain flumes, storm water sewerage and channelizing of the waters to the culverts. They serve to accept the water from the pavement and the slopes in the excavations and embancmenst and to take it out of the road body.

With design is planned the cleaning of the existing gutters and canals in the scope of the toll station.

6. Maintenance and management

Upon the finishing of the construction works, iti is necessary to perform a PRELIMINARY visual prospection of the pavement structure and preparation of “As-Built Design” with the necessary graphic appendices as well as a conclusion form the Supervisory body on the quality and quantity of the embedded materials.

Furthermore, a Design on maintenance and usage shall be prepared containing the visual prospection procedures and required measurements of the road and structures, once or several times a year (in spring and autumn). All the defects need to be noted it sholud be proceeded as the damages occur.

Also, a periodical review of the complete dewatering system is required together with a check of its functionality; and complete clearing of the dewatering structures is recommended once a year in spring.

As part of the regular maintenance all the standard measures should be taken, such as: renewal of the horizontal signalisation and traffic signs as needed, mowing and clearing of the shoulders in summer, repair of pot holes, filling of cracks, winter maintenance, etc.

For the purpose of efficicen dewatering and maintenance of the excavations’ and embankments’ slopes it is necessary to perform mowing and landscaping of the vegetation, to check whether there are damages on the slopes in order to promptly repair them so that thir stability is not disturbed.

7. Safety measures and technical protection

Below the necessary safety measures anf technical protection are listed:

- Respecting and application of all positive legal regulations and provisions during this type of works, as well as the especially prepared ones by the Employer;
- Respecting all the requirements and conditions which are an integral part of this volume, specifically the standards, norms and legal provisions for this type of works;

- Geodetical check of the road gradients;
- The road should constantly be well dewatered, by regularly clearing and maintenance of the dewatering structures;
- Attention should be paid and records kept for the personal protection that workers need to use during the performance of the necessary activities, according to the legal provisions and norms;
- During transport, all participants are obliged to use personal protection means;
- Regular maintenance and clearing of the road;
- Taking into account the interim traffic regime, by regular maintenance of the signalisation and traffic safety;
- Respecting the maximal allowed driving speed.

In general, it is recommended that all the other legal provisions and rulebooks (related to this type of works) are respected.

8. FINDINGS, CONCLUSIONS AND RECOMMENDATIONS

Based on the overall preparation of this Basic Design, the following findings, conclusions and recommendations can be presented:

- The pavement structure is taken over from the project for construction of the toll station, ie the same pavement structure is planned as the existing one in the part of the expansion.
- Expansion of the left side of the toll road is planned by making an improved subgrade with thickness d = 40 cm, laying the roadbase material with thickness d = 30 cm, followed by bituminous asphalt layers BNS 32cA with d = 7cm and BNS 32cA with d = 7cm and on end comes AB 16c d = 5cm.
- At the same time, during the road construction it is recommended to have permanent geomechanical and asphalt control in the implemented materials, in accordance with legal regulations for construction of this type of works (professional supervision), as well as certificates and attests for all implemented materials.
- Regular maintenance of the road, cleaning of the shoulders and dewatering of the structures, which will enable greater durability and functionality of the road are recommended. This should be stated and described in detail in the Design for maintenance and usage (in accordance with the legal requests and regulations);
- Since the traffic (axial) bearing capacity and the number of vehicles have direct impact on the pavement structure (durability and functionality during the exploitation period), and taking into consideration the purpose and function, it is recommended for the number of vehicles that move in the following exploitation period to be constantly recorded. At the same time, the legal acts and by-laws of the participators in the construction, Employer-Contractor-Supervisor, should be taken into consideration, whereby they should be respected during the

construction, and before the execution of the works it is required to check the standards that are currently in place in the Republic of North Macedonia and which should be applied in the execution of the works. After that “as-built drawings” and the “Design for maintenance and usage” are prepared in sequence in accordance with the Rulebook for preparation of these designs where the required text and graphic appendices are inserted.

- In the construction phase, if there are certain differences regarding the planned terrain structure, all questions should be resolved in coordination with the team of Employer, Contractor, Designer, Supervisor and if necessary, Reviser/Consultant.

9. Bill of Quantities

The Bill of Quantites has been prepared in such a way to cover the items defined in the technological process for construction of this type of structures.

All the quantities have been calculated in the framework of the existing state. According to the estimation of the works’ quantity for every item, according to the designer’s familiarity with the price of every item a Priced Bill of Quantities was prepared (submitted in one copy to the Employer).

Prepared by:

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ

PERFORMING TECHNICAL CONDITIONS

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

1. ЕКВИВАЛЕНЦИЈА НА СТАНДАРДИ И ПРОПИСИ

Во сите случаи кога во Договорот се повикува на одреден стандард или пропис кој што треба да се задоволи во врска со материјалите, градилиштето, други набавки кои е потребно да се обезбедат или изведувањето на работите или испитувањето, ќе се применуваат најновите тековни прописи или ревидираните соодветни стандарди и прописи, освен ако не е поинаку децидно кажано во Договорот. Таму каде што стандардите и прописите се националните, или се однесуваат на конкретна држава или област, ќе се прифатат и други авторитативни стандарди кои обезбедуваат најмалку еднаков или повисок квалитет од стандардите и прописите кои се наведени, со претходна проверка и посебно одобрение од Надзорниот орган. Разликите помеѓу наведените стандарди и предложените алтернативни стандарди мора потполно да бидат образложени во писмена форма од страна на Изведувачот и дадени на Инвеститорот за нивно одобрение. Во случај Инвеститорот да утврди дека предложените отстапувања не го обезбедуваат потребниот еднаков квалитет, Изведувачот ќе ги примени стандардите наведени во документите.
Техничките услови кои се предмет на оваа книга се засноваат на важечките прописи и закони на Република Македонија.

2. ПРЕТХОДНИ РАБОТИ

2.2. Обележување и осигурување на трасата

Таа работа го опфаќа исколчувањето на трасата, сите геодетски мерења во врска со пренесувањето на податоците од проектот на терен, или од теренот во цртежите и одржување на исколчените ознаки на теренот во целиот период од почетокот на работите до предавање на сите работи на Инвеститорот, како и евентуална дислокација на постоечки геодетски точки. Во таа работа се вклучува исто така и превземањето и одржувањето на сите предадени основни геодетски снимки и цртежи како исколчувањето на теренот кое Инвеститорот го има предадено на Изведувачот во почетокот на работите. Обемот на таа работа мора во се да ги задоволи потребите на градењето, контролата на работите, пресметката и другите причини кои се потребни поради самата работа.

3. ДОЛЕН СТРОЈ

3.1. Откоп на хумус

Оваа работа го опфаќа површинскиот откоп на хумусот извршен кај ископ во широк откоп на трасата и во позајмиштата, како и под насипите со различни дебелини и негово префрлување и транспорт во постојана или привремена депонија. Работите мора да бидат изведени во согласност со проектот, односно според барањата на Надзорниот орган. Хумусот се откопува исклучително машински, а рачно единствено таму каде што машините не би можеле да го извршат на задоволително ниво. Грмушките може од место на место да се отстранат заедно со хумусот, но тие мора да се одвојат од хумусот пред хумузирањето на косините од трупот на патот.

3.2. Широки откопи и превози

Оваа работа ги опфаќа сите широки откопи, за сите видови земјан материјал, кои се предвидени со проектот заедно со одвоз, односно туркање на ископаниот материјал во насипи, депонии или во депонии за разни потреби, според намената како материјалот ќе се употребува при изведување на работите. Во тие работи се вклучени сите откопи на засеци, усеци, позајмишта, корекција на водотоци, девијација на патишта како и широки откопи при изведување на објектите. Сите откопи треба да се извршат според профилите и висинските коти, со нагиби дадени во проектот, односно според барањата на Надзорниот орган, земајќи ги во предвид геотехничките карактеристики на ископаниот материјал, како и бараните особини за наменска употреба на ископаниот материјал.

3.3. Изработка на подтло

Природна почва на која се врши темелење (изработка) на насип.
Работата опфаќа набивање, евентуално раскопување поради сушење или квасење на природната почва во дебелина која е определена со проектот, приближно околу 30 cm.

3.4. Изработка на насипи

Таа работа го опфаќа насипувањето, разастирањето, грубото односно финото планирање, навлажнување или сушењето и збивањето на метеријалот во насипот, според димензиите одредени во проектот.
Целата работа мора да биде изведена во склад со проектот и овие Технички услови.
За изработка на насипот ќе се употребат сите аноргански материјали со пропишан квалитет.
Во насипите неможат да бидат вградени органски отпадоци, корени, грмушки, односно материјал кој со време поради биохемиското дејство би ги променил своите механичко-физички особини.
Материјалот за изработка на насип може да се добие од усеците на трасата или од позајмиштата.

3.6. Уредување на постелицата - планумот на долниот строј

Уредување на планумот на долниот строј во усеците, насипите и засеците со грубо и фино планирање и набивање:
- Во камени материјали - израмнувањето на преостанатите врвови на карпите, насипување на израмнетиот слој, разастирање, планирање, навлажнување и збивање на тој слој,
- Во кохерентни материјали - планирање, санација на поодделни помали нехомогени места, навлажнување, односно просушување на земјата, со збивање до прописната збиеност, или во случај набивањето да е оневозможено поради превисоката природна влажност на почвата, односно поради неповолните временски прилики, се врши подлабок ископ за 15 cm и се изведува механичка или хемиска стабилизација на изравнителниот слој. Одлука за ова донесува Надзорниот орган.
Опишаните работи треба да се изведуваат до кота предвидена во проектот по цела ширина на планумот и во склад со овие Технички услови.

3.7 Дренирање и одводнување на трупот на патот

Дренирањето и одводнувањето на трупот на патот се изведува според детаљите на Главниот проект и упатствата на Надзорниот орган, а ја опфаќа изработката на:
- комплетен дренажен систем, со изведување надвор од трупот на патот;
- канализација за одводнување на усеците и засеците;

- изработка на излезни глави на странични испусти;
- канали (обработено во точка 3.10);
- ригола (обработено во точка 4.10);
- уредување на изворите за вода

Сите употребени материјали мораат да одговараат на важечките МКС односно на соодветните барања на поодделните точки од овие услови, зависно од видот на материјалите, па Изведувачот е должен употребливоста на материјалот да ја докаже со претходно испитување.

3.8. Заштита на косините

Работата ги опфаќа заштитата со мрежи на камените косини кои се при одреден нагиб сами по себе стабилни, но површински подложни на ерозија
Мрежите се од поцинкована челична жица, со дијаметар 3mm со правоаголни и шестоаголни отвори 5 – 10 cm. Жиците мора да бидат двоструко поцинковани со дебелина на цинковиот слој минимум 0.07 mm.
За прицврстување на мрежите на косината треба да се употребуваат анкери според детаљите од проектот од челик по МКС.Ц.Б3.021 со двоструко поцинкован антикорозивен слој дебелина 0.07 до 0.08 mm.
За прицврстување на мрежата на падина, освен анкерот според детаљот од проектот треба да се употребат двоструко поцинковани цевки по МКС.Ц.Б5.311 со пречник 48 mm, со дебелина на ѕидот 3.5 mm и со дебелина на двострукото поцинкување минимум 0.07 mm.
Треба да се употребуваат бетонски тегови според детаљот во проектот. Бетонот од теговите треба да биде со квалитет МБ 30, и мора да одговара на барањата од точка 5 на овие Технички услови.
m^3 од стварно извршената работа по приемот на Надзорниот орган.

3.9. Вегетативна заштита на косините на усеците и насипите, банкините и зелениот појас

Работа ја опфаќа заштитата на косините на усеците и насипите и ерозивните површини со хумузирање, затревување и садење на соодветните видови шибје, односно хумузирање и затревување на банкините и зелениот појас, според проектот.
Треба да се употебува активен хумусен материјал, кој го гарантира траењето на растенијата.

3.10. Одводни канали - канавки

Ова поглавие ги опфаќа работите за изградба на одводните канали со различна изработка според детаљите во нацртите на проектот и тоа:
- ископи за одводни канали
- обложување на одводните канали со бетон
- обложување со монтажни елементи
- хумузирање и затревување
- чистење и оформување на постојни земјани канавки

Сите употребени материјали мораат да бидат квалитетни и по своите употребни способности во склад со соодветните прописи и стандарди и овие Технички услови.

3.11 Банкини

Ова поглавје ја опфаќа изработката на банкините и тоа:
Стабилизирани банкини од шљунковит или каменит материјал, механички стабилизиран, посипан со камена ситнеж во слој од 3 – 5 cm со дебелина и широчина според проектот.

Банкините може да се изработуват и од струган асфалтен материјал добиен при машинско стругање и профилирање на асфалтниот коловоз.
хумузирани банкини во дебелина 15 до 25 cm засеани со трева, со широчина според проектот.
За насипувањето на јадрото на банкините може да се употреби материјал за изработка на завршниот слој на насип според точка 3.42 од овие Технички услови. Материјал за стабилизираните банкини се употребува материјал со исти карактеристики како за тампонскиот слој, позиција 4.3
За посипување со песок и камена ситнеж може да се употреби песок од здрав каменен материјал со димензии 0.8 mm чиј што квалитет одговара на барањата на МКС У.Е9.020/66, а чакал и камена ситнеж со гранулација од 0-30 mm.
Хумусот мора да одговара на условите од точка 3.1 и 3.9 од овие Технички услови.
Струган асфалтен материјал добиен при машинско стругање и профилирање на коловозот.

4. ГОРЕН СТРОЈ

4.2 Филтерски слој

Оваа работа опфаќа набавка и вградување на дробениот односно локалниот материјал за филтерски слоеви кои се вградуваат зад потпорните ѕидови, во дренажите на места одредени со проектот, и според барањата на Надзорниот орган.
Местото на вградување на филтерскиот слој и потребниот гранулометриски состав на филтерскиот материјал, ги одредува Надзорниот орган според проектот.
Целата работа мора да биде изведена во склад со овие Технички услови и со димензии дадени со проектот.
За филтерски слоеви употребливи се првенствено природните песокливи чакаловити материјали, песокливи материјали, односно дробени камени материјали.

4.3 Долен носив слој - тампонски слој

Оваа работа ја опфаќа набавката и вградувањето на материјалите за носивите слоеви одредени со проектот.
За механичко стабилизирање носиви слоеви се употребуваат камени дробени материјали.

4.4 Горни носечки подлоги од битуменизирани зрнести камени материјали произведени по жешка постапка (БНС и БНХС)

Современите горни носечки подлоги од битуменизирани зрнести камени материјали, произведени во асфалтна база по жешка постапка, дефинирани се со стандардот МКС У.Е9.021/86.
Во овие Технички услови горните носечки подлоги се означени како битуменизирани носечки слоеви со кратенката БНС.
Во случај кога битуменизираните носечки подлоги, според трајната намена во експлоатацијата на патот, служат и како абечки слој, таквите носечки подлоги се викаат битуменизирани носечко – абечки слоеви и се со кратенка БНХС.
Поделбата на БНС е извршена според најголемиот дијаметар на зрното во камениот материјал, во следните врсти:
- БНХС 16 со зрна од 0 до 16 мм,
- БНС 22 со зрна од 0 до 22 мм,
- БНС 32 со зрна од 0 до 32 мм,
- БНС 45 со зрна од 0 до 45 мм.

Изработката на БНС и БНХС опфаќа набавка на стандардизирана камена ситнеж и врзивно средство (битумен), производството на асфалтни мешавини за БНС и БНХС, вградувањето на асфалтни мешавини за БНС и БНХС, според стандардот МКС У.Е9.021/86 и условите на проектот за коловозната конструкција.
Производството и вградувањето на асфалтни мешавини за БНС и БНХС се врши при поволни временски услови, без врнежи и кога температурата на подлогата и на воздухот (без ветер) изнесува +50Ц.
Битуменизираните горни носечки подлоги, во зависност од врстата на слојот (БНС и БНХС) се применуваат соодветно, од многу тешко до лесно и многу лесно сообраќајно оптоварување. По правило, тие се вградуваат изнад долната носечка подлога. Исклучок прави БНХС кој служи и како покривен – абечки слој, кој по правило, се вградува изнад горна носечка подлога БНС.

4.5 Асфалтбетонски завршен (абечки) слој - А.Б.

Асфалтните бетони изработени по жешка постапка се применуваат како завршни - абечки слоеви на коловозни конструкции. Производството и вградувањето се дефинирани со МКС У.Е4.014/90.
Изградбата на асфалт бетоните опфаќа: набавка на стандардизирана камена ситнеж, врзивно средство (битумен), производство, транспорт и вградување на асфалтбетонската мешавина во завршниот слој на коловозната конструкција.
Изградба на асфалтни бетони се врши при поволни временски услови, без врнежи и ветер и при температура на воздухот и на подлогата над +5.0 С.
Во зависност од применетата врста на камена ситнеж и врстата на врзивното средство (битуменот), асфалтните бетони се применуваат како завршни абечки слоеви на коловозни конструкции за сите групи на сообраќајно оптоварување, од многу тешко, преку тешко и средно, до лесно и многу лесно оптоварување.
Називот на асфалтниот бетон се означува со кратенката АБ.
Во зависност од групата на сообраќајно оптоварување, како камена ситнеж се применуваат следните врсти:
- Камена ситнеж добиена со дробење од карпи.
- Камена ситнеж добиена со предробување на природен чакал.
Врстата на камена ситнеж по правило се дефинира со проектот на коловозната конструкција. Во зависност од гранулометрискиот состав на камената смеша (камена ситнеж и камено брашно) и според најголемото зрно во смешата, асфалтните бетони се класифицирани во вкупно 7 врсти и тоа: АБ4; АБ8; АБ11; АБ11s; АБ16; АБ16s и АБ22s.

4.8. Асфалтни риголи со монтажен упорен ивичники издигнат ивичник на високи насипи

Оваа работа опфаќа набавка на потребни материјали и изработка на асфалтна ригола со широчина од 0.50 и 0.75m^1 со упорен монтажен бетонски ивичник МБ40 и отпорност на мраз М - 100, поставен на бетонска подлога МБ20.
Обликот и димензиите на асфалтна ригола со упорен монтажен бетонски и ивичник се дефинирани со проектот - детал на асфалтна ригола.
Самата асфалтна ригола има завршен слој од асфалтбетон АБ по МКС У.Е4.014 кој се вградува на горна носечка подлога БНС (по МКС У.Е9.021) и долна носечка подлога (толченик - тампон по МКС У.Е9.020) од коловозната конструкција на автопатот.

5. БЕТОН

Дефинираните Технички услови се однесуваат на сите видови бетон, за сите конструкции, за цемент и малтери и за смеси за инјектирање на кабли.
Критериумите за квалитет и испитување на основните материјали, технолошките услови, контролата на тековното производство на бетонот, проектирањето и претходните

истражувања за бетонот, како и контролата на свежиот и стврднат бетон треба да бидат во согласност со ПБАБ-87 и важечките стандарди.
Квалитетот на бетонот за разните конструкции и елементи се означува со неговата марка (МБ), а во некои случаи и со неговите посебни својства: постојаност при мрзнење и размрзнување, водонепропустливост, постојаност при абразија, постојаност на мраз и сол. Условите за квалитет на бетонот се дефинираат во проектот за конструкцијата, според влијанијата и условите во експлоатација и се означуваат со класи.

6. ЧЕЛИЦИ ЗА АРМИРАЊЕ И ЗА ПРЕДНАПРЕГАЊЕ

За армирање на бетонските елементи и конструкции можат да се употребат жици со дијаметар ∅ В 12мм или прачки со ∅ >12мм од гладок челик ГА 240/360 - глатка арматура, од ребрест челик РА 400/500-2 - ребреста арматура, од студеновлечени глатки или оребрени жици МАГ 500/560 и МАР 500/560 како и арматура од студеновлечен челик БиА 680/800 - Би арматура.
Арматурата која се употребува во елементите од објектите треба да ги задоволува условите за квалитет дефинирани во ПБАБ-87 и важечките стандарди: МКС Ц.К6.020/87, МКС Ц.К6.120/86, МКС У.М1.091/80, МКС У.М1.092/87 и МКС Ц.А4.035/66.
Арматурата која се употребува за изградба на објектите треба да биде задолжително испитана пред почетокот на армирачките работи. Изведувачот на работите траба да поседува и атести од производителот за секоја произведена и испорачана шаржа материјал.
Контролни испитувања на арматурата треба да бидат извршени за секоја шаржа и секој вид арматура по дијаметри.

8. ОБЈЕКТИ

8.1. Потпорно - обложни ѕидови

Таа работа го опфаќа ископот за темели, додатни ископи, изработка и вградување на бетон, монтажа на арматура, изработка на дренажи и филтри зад ѕидовите и изработка на бетонски кинети и дренажни испусти - барбакани. Сите работи треба да бидат извршени во согласност со проектот и овие Технички услови.
Бетонот за темелите и надвор од темелите може да биде со најниска марка МБ 20 и мора да одговара на барањата од точка 5 од овие Технички услови. Во армираните темели марката на бетонот не треба да биде пониска од МБ 30.
Во колку потпорно обложниот ѕид се армира, арматурата мора да одговара на барањето од проектот и условите од точка 6 и 8.4562 од овие Технички услови.
Потребно е да се одбегнува оплата за изработка на темелот. Ако е потребно разупирање не е дозволено да се оставаат делови од оплатата или разупирачите во темелот. Оплатаите на потпорните ѕидови мораат да бидат изработени така да видните површини бидат наполно рамни и со едноличен изглед. Оплатата мора да одговара на условите дадени во точка 3.52 од овие Технички услови.

8.3 Монтажни пропусти со монолитни глави

Полагањето на бетонски (МБ 30 или повеќе) цевки за пропусти, односно составување на поодделни делови од цевките, на свежа бетонска подлога МБ 20 се почнува на низводната страна со изливната глава, а на претходно припремена подлога според проектот и после приемот од Надзорниот орган. Вградување на напукнати цевки и оштетени елементи не е дозволено.
Кога цевките се положени, после претходно чистење и мокрење со вода се врши обложување на цевките со бетон МБ 20, во колку е тоа предвидено со проектот. Сите

бетонски работи се изведуваат во склад со барањата од точка 5 од овие Технички услови. Во склад со истите барања се изведува и бетонирање на темелните и главите на пропустите, како и изработка на излезите односно влезовите од пропустите.

TECHNICAL CONDITIONS OF WORKS

1. EQUIVALENCE OF STANDARDS AND REGULATIONS

In all cases when in the Agreement is referred to certain standards or regulations which should be satisfied in relation to the materials, the construction site, other supplies which need to be provided or the performance of the works or the investigation, will be applied the current ongoing regulations or the appropriate revised standards and regulations, unless it is explicitly stated differently in the Agreement. Where the standards and the regulations are national or related to the specific country or region there will be accepted other authoritative standards as well which provide least even or higher quality of standards and regulations that has been stated, with the previous check and special approval by the Supervisory body. The differences between the stated standards and the proposed alternative standards must be entirely elaborated in written form by the Contractor and given to the Investor for its approval. In case if the Investor determines that the recommended deviations do not provide the necessary even quality, the Contractor will apply the standards stated in the documents. The technical conditions which are subject of this book are based on the valid regulations and laws in Republic of Macedonia.

2. PREVIOUS WORKS

2.2. Marking and insuring the route

That work includes marking out the route, all geodetic surveys related to transferring data from project to field, or from field to drawings and maintaining the staked out marks on the field during the whole period from beginning of works to submitting in all works to the Investor, as well as a possible dislocation of the existing geodetic points. That work also includes the undertaking and maintaining all hand in basic geodetic surveys as well as drawings as staking the field which the Investor has submitted to the Contractor in the beginning of the works. The amount of that work has to satisfy all needs of the construction, the work control, calculation and other reasons which are required.

3. SUBSTRUCTURE

3.1. Humus excavation

This work includes the pit of the humus made excavating wide dig of the route and in borrow pits, as well as under embankments with different thicknesses and its transferring and transporting in to existing or temporary dump. The works should be performed according to the project, i.e. according to the requests of the Supervisory body. The humus is excavated solely by a machine, and by hand only where the machines could not perform on satisfactory level. The bushes can be removed from place to place together with the humus, but they have to be separated from the humus before soiling the slopes of the road base.

3.2. Wide excavations and transportation

This work covers all wide excavations, for all kinds of earth material, which are planned with the project together with transportation, i.e. pushing the excavated material in embankments, dumps or dumps for different needs, according to the purpose how the material will be used during the performance of the works. In those works are included all excavations of notches, cuts, borrow pits, water flow correction, deviation of the roads as well as wide excavations during the performance of the buildings. All excavations should be done according to the profiles and height levels, with inclines given in the project, i.e. according to the requests by the Supervisory

body, taking in consideration geotechnical characteristics of the excavated material, as well as the required features for the purpose of the excavated material.

3.3. Preparation of the subsoil

Natural soil on which is done foundation (building) of embankment.
The work covers compaction, possible digging due to drying or watering the natural soil in thickness determined with the project, approximately 30 cm.

3.4. Preparation of embankments

That work covers the filling, distribution, coarse/fine planning, moisturizing or drying compaction of the material in the embankment, according to the dimensions determined in the project.
The whole work must be performed in accordance with the project and these Technical conditions.
For making the embankment, it will be used all inorganic materials with prescribed quality. The embankments cannot contain organic waste, roots, bushes, i.e. material which would change its mechanical-physical features with time due to biochemical influence.
The material for making the embankment can be obtained from cuts of the route or from borrow pits.

3.6. Arranging the liner - formation of the substructure

Arranging the formation in the substructure in cuts, embankments and notches with coarse and fine planning and compaction:
In rock materials - leveling the rest of the rock peaks, filling the leveled layer, spreading, planning, moisturizing and compaction of that layer,
In coherent materials - planning, sanation of separate smaller inhomogeneous places, moisturizing/drying the soil, with compacting until reaching the proper compaction, or in case of impossible compaction due to high natural moist of the soil, or due to unfavorable weather conditions, a deeper excavation for 15 cm is done and it is made mechanical and chemical stabilization of the leveled layer. This decision is made by the Supervisory body.
The described works should be performed up to level planned in the project along the whole width of the formation and in accordance with these Technical conditions.

3.7. Draining and dewatering the road base

The draining and the dewatering of the road base is made according to the details of the Main project and the instructions of the Supervisory body, and it includes building:
complete drain system, with leading out of the road base; sewage for dewatering of the cuts and notches;
exit heads on the lateral outlets;
channels (elaborated in section 3.10); gully (elaborated in section 4.10);
arranging the water springs.
All used materials must be adequate to the valid MKS i.e. to the appropriate requests of the separate sections in these conditions, depending on the kind of the materials, so the Contractor is obliged to prove the usability of the material with previous investigation.

3.8. Slopes protection

The work covers protection with nets of the rock slopes which are in certain incline stable as they are, but on surface, they are susceptible to erosion.
The nets are of galvanized steel wire, with diameter 3 mm with rectangular and hexagonal holes 5 - 10 cm. The wires must be two times galvanized with thickness of the zinc layer minimally 0,07 mm.

For fastening the net on the slope, it should be used anchors according to the details of the project made of steel by MKS.C.B3.021 with double galvanized anticorrosive layer, thick 0,07 to 0,08 mm.
For fastening the net on the slope, besides the anchor according to the detail of the project, it should be used two times galvanized pipes my MKS.C.B5.311 with diameter 48 mm, with walls 3,5 mm thick and double galvanizing thickness minimally 0,07 mm.
It should be used concrete weights according to the detail in the project. The concrete of the weights should be with quality MB 30, and it has to be adequate to the requirements from section 5 from these Technical conditions.

3.9. Vegetative protection of slopes of the cuts and embankments, shoulders and central reserve

The work covers the protection of the slopes of cuts and embankments and erosive surfaces with soiling, seeding and planting appropriate kinds of bush, i.e. soiling and seeding the shoulders and the central reserve, according to the project.
Active humus material should be used, which guarantees the duration of the plants.

3.10. Dewatering canals

This chapter covers the construction works of the tail races with different work according to details in the designs in the project:
excavation for tail races
coating the tail races with concrete coating with prefabricated elements soiling and seeding
cleaning and forming permanent earth canals
All used materials must be high quality and, by its used capabilities, in accordance with the appropriate regulations and standards and with these Technical conditions.

3.11. Shoulders

This chapter covers the construction of shoulders:
Stabilized shoulders of gravel or rock material, mechanically stabilized, covered with rock fines in layer of 3 - 5 cm with thickness and width according to project.
The shoulders can be made of sawed asphalt material from mechanical sawing and molding the asphalt road surface.
Soiling shoulders thick 15 to 25 cm planted with grass, with width according to the design. For backfilling of the core of the shoulders can be used material for preparation of the final layer of embankment according to item 3.42 of these Technical conditions. For stabilized shoulders is used material with same characteristics as for blinding layer, position 4.3.
For backfilling with sand and chips, it can be used sand of stone material with dimension 0,8mm whose quality is in accordance with the requests of MKS U.E9.020/66, and gravel and chips with granulation of 0-30mm.
The humus must agree with the conditions from item 3.1 and 3.9 of these Technical conditions.
Sawed asphalt material from mechanical sawing and molding the asphalt road surface.

3.13. Clearing and forming permanent earth canals

Clearing the forming permanent earth canals is done with cleaned earth material in limits to 0.25 m^3/m^1.

4. SUPERSTRUCTURE

4.2. Filter course

